**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ОСНОВИ НА ЕКОНОМИКА НА ЈАВНИ СЛУЖБИ (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - СКРИПТА" ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р ДУШКО ЈОШЕСКИ И НАС. ДОЦ. Д-Р СНЕЖАНА БАРДАРОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2102-305/4 од 191. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 22.8.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– редовен професор д-р Димитар Ефтимоски, Правен факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола;
– вонреден професор д-р Мичо Апостолов, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ОСНОВИ НА ЕКОНОМИКА НА ЈАВНИ СЛУЖБИ (ИЗБРАНИ ТЕМИ) - СКРИПТА**" од **доц. д-р Душко Јошески и нас. доц. д-р Снежана Бардарова**, наменет за студентите на прв циклус студии при Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот „**Основи на економика на јавни служби (избрани теми)-скрипта**" е наменет за студентите на Факултетот затуризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, на насоките на кои се слуша предметот Економика во јавен сектор, односно на насоките Бизнис администрација и Бизнис логистика, како изборен предмет во II семестар со фонд на часови 2+1+1. Овој ракопис, покрај теоретските, нуди и практични базични знаења по предметот Економика во јавен сектор и е наменет за предавањата на студентите како основна литература.

**Податоци за обемот на ракописот**

Целиот материјал е поделен во 10 тематски поглавја и се состои од 191 страници, содржи 120 графикони и 200 објаснети изведени равенки. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите на прв циклус студии и е подготвен за да даде основни сознанија за предметот Економика во јавен сектор.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Според нашите сознанија, ваква е-скрипта, по обем и содржина, којашто одговара на предвидената наставна програма по предметот Економика на јавен сектор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип не е објавена.

**Краток опис на содржината**

Во **првиот дел** *Вовед во оданочување* се објаснуваат формите на оданочување, посакуваните карактеристики на секој даночен систем и односот на даноците со економската ефикасност, понатаму се објаснуваат: бихејвиористичките, финансиските и организациските ефекти на оданочувањето.

Во **вториот дел** се објаснува даночната инциденца кај конкурентни пазари и кај несовршената конкуренција, се анализира влијанието на еластичноста врз инциденцата, потоа се објаснуваат и разграничуваат ad valorem даноците наспрема специфичните даноци и нивната примена кај оптималното оданочување на стоки.

Во **третиот дел** се обработува темата на оданочувањето и економската ефикасност. Во овој дел се објаснуваат ефектот на супституција и ефектот на доход кај даноците, како и вкупната загуба DWL (Dead weight loss) од оданочувањето.

Во **четвртиот дел** се обработува темата за оптималното оданочување и главен акцент е ставен на моделите на Ремзи (1928) и Мирлес (1971), како и на линеарното и нелинеарното оданочување.

Во **петтиот дел** се обработува темата на оданочување на капитал. Во овој дел се разработува темата на оданочување на капиталот и се објаснуваат прашањата дали капиталот треба да се оданочува? Кои се ефектите на оданочувањето врз штедењето и инвестирањето? Понатаму се објаснуваат неутралното оданочување и данокот на Ремзи (1928) во моделите на животен циклус и теоремата Аткинсон-Стиглиц која тврди дека: Ако корисност а$c_1,..,c_K)$ е слабо сепарабилна, значи можеме да ја запишеме како функција $) = F(f^1(x^1),....,f^m(x^m))$ т.е. е иста за сите индивидуи тогаш владата треба да користи само данок на доход и да не наметнува данок на штедење.

Во **шестиот дел** се разработува темата ефикасност и праведност. Се објаснува поимот функција на социјална благосостојба (роулсијанизам и утилитаризам), се објаснуваат кривите на обична и компензирана побарувачка, потрошувачкиот вишок, Хиксовата и Маршалијанска функција на побарувачка и мерките за нееднаквост (Лоренцовата крива и мерката Далтон-Аткинсон).

Во **седмиот дел** се обработува темата на кавните добра и приватно обезбедените јавни добра. Тука централно место имаат темите за free-rider кај јавните добра, условот на Семјуелсон (1954) и проблемот на помалото снабдување од потребното во јавниот сектор.

Во **осмиот дел** се обработува темата на екстерналиите и јавниот сектор. Во овој дел главна улога имаат теоремата на Коус (1960) и даноците на Пигу (1920). Понатаму во овој дел се разработуваат темите за казните и даноците за загадување, како и влијанието на субвенциите за еколошките активности и за намалување на загадувањето.

Во **деветтиот дел** е обработена темата на здравствената економика и здравствениот систем на САД. Тука акцентот е ставен на неповолниот избор и неговото дистрозивно влијание врз цената на здравствените услуги, како и влијанието на трансакционите трошоци и реформите во Медикер и Медикејд.

Во **десеттиот дел** се обработува темата на социјалното осигурување. Тука важно место заземаат темите на социјалното осигурување, пазарното осигурување и пазарните неуспеси, неповолната селекција кај социјалното осигурување, моралниот хазард кај социјалното осигурување, а од теоретски апсект важни се моделите на кратковиди штедачи и очекувана корисност.

## ЗАКЛУЧОК

Од досега наведеното, Комисијата во горенаведениот состав констатира дека ракописот „Основи на економика на јавни служби (избрани теми) - скрипта", поднесен од авторите доц. д-р Душко Јошески и нас. доц. д-р Снежана Бардарова е наменет за студентите запишани на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, на насоките Бизнис администрација и Бизнис логистика на кои се слуша предметот Економика во јавен сектор како изборен предмет во II семестар. Скриптата е конципирана по однапред утврдени наставен план и програма. Во овој ракопис детално се разработени методите што се користат во економиката на јавните служби и економиката на јавниот сектор.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати како позитивен извештајот за ракописот „Основи на економика на јавни служби (избрани теми) - скрипта" од авторите доц. д-р Душко Јошески и нас. доц. д-р Снежана Бардарова и да овозможи тој да се користи во наставата по предметот Економика на јавен сектор како скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Димитар Ефтимоски, редовен професор,**
**Правен факултет - Битола, Универзитет**
**„Св. Климент Охридски" – Битола, с,р.**
**Д-р Мичо Апостолов, вонреден професор,**
**Факултет за туризам и бизнис логистика,**
**Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.**